

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# УЛОГАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОТТИКНУВАЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО НЕГОВАТА РАБОТА

**- тематска анализа -**

**мај, 2018 година**

## С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** ........ 2

**I. ПРАВНА РАМКА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО** ........ 2

**II. НАЧИНИ НА КОИ СЕ ОСТВАРУВА КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ ПРАТЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ** ........ 5

**III. ГРАЃАНИТЕ ВО ЗГРАДАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 6

**IV. СТАТИСТИКА НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ АЛАТКИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 8

**V. НАЧИНИ НА КОИ СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ИНФОРМИРА ГРАЃАНИТЕ ЗА СВОЈАТА РАБОТА** ........ 12

**VI. ПРЕПОРАКИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ВО ВРСКА СО ВКЛУЧЕНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО, ЗАРАДИ ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ** ........ 13

**VII. УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ** ........ 16

**ЛИСТА НА ИЗВОРИ** ........ 18

# ВОВЕД

Учеството на јавноста - граѓаните во работата на законодавните домови е суштински и основен столб за целокупните демократски процеси и пример на добро владеење, но исто така придонесува и за поголема отчетност, транспарентност и одговорност на самата институција кон граѓаните. Со тоа што граѓаните ќе бидат навремено информирани за работата, законодавните постапки и активности на Собранието на Република Македонија и со тоа што ќе им се даде можност да учествуваат директно со своите ставови и мислења во самите постапки, ќе се постигне повисок квалитет, но и поголема ефективност на законите кои ги донесува Собранието[1]. Довербата на граѓаните во законодавниот дом и во нивните избраници (претставници) треба да биде на високо ниво и да веруваат дека со нивното учество ќе постигнат резултат, и да стекнат впечаток дека некој го цени и вреднува нивното мислење. Треба да постојат јасно дефинирани механизми за тоа како граѓаните да се доближат до институцијата и Собранието на Република Македонија треба да им даде јасни инструкции за начинот и можностите кои ги имаат за да се вклучат во постапките и активностите, да ги искажат своите ставови, мислења и предлози и на кој начин истите да бидат регистрирани и процесуирани понатака од страна на законодавниот дом. Во Република Македонија, согласно Уставот, суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Тие власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување. Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката и како таков треба да претставува позитивен пример како би требало да се однесуваат и другите институции кон граѓаните, а отвореноста на Собранието и начинот на кој ги информира граѓаните за својата работа е од суштинско значење за демократските процеси во една држава.

## I. ПРАВНА РАМКА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Во правната рамка која ја регулира оваа област и им дава можност и на граѓаните да го остварат своето право на учество во работата на законодавниот дом, влегуваат следниве акти:

1. Устав на Република Македонија
2. Закон за Собранието на Република Македонија
3. Закон за пратеници
4. Деловник за работа на Собранието на Република Македонија
5. Правилник за начинот на остварување на правата, должностите и одговорноста на претставниците на средствата за јавно информирање во Собранието на РМ

[1] Учество на јавноста: „Влада на народот, од народот за народот“ http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/12/Analiza-36-mk.pdf

6. Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.[2]

Важноста граѓаните да учествуваат во процесите на донесување на одлуките е препознаена и утврдена со највисокиот акт – Уставот на Република Македонија, според кој граѓаните власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и со други облици на непосредно изјаснување. Во функција на слободно изразување на ставовите и мислењата на граѓаните е и правото на мирно собирање и јавно изразување протест, без претходно пријавување и посебна дозвола[3].

**Согласно набројаните акти во кои се утврдени начините и можностите за учество на граѓанинот во работата на Собранието, може да се издвојат следниве облици на посредно и непосредно учество:**

1) **Граѓанска иницијатива може да се поднесе за:**
- поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;
- предлагање за донесување на закон;
- за распишување на референдум на државно ниво (граѓанска иницијатива на државно ниво).

2) **Референдум може да се распише за:**
- целата територија на Република Македонија (референдум на државно ниво).
- подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Прашањето за референдуми и граѓански иницијативи освен со Уставот на Република Македонија е уредено и со **Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните** каде подетално е прикажан начинот и постапката за распишување и спроведување на референдум, покренување на граѓанска иницијатива, свикување и одржување собир на граѓани, како и други прашања од значење за непосредно изјаснување на граѓаните.

**Иницијатива за донесување** на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија. **Граѓанската иницијатива** е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето преку покренување на иницијативи пред Собранието на Република Македонија, пред советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје. **Граѓанска иницијатива на државно ниво** се покренува на предлог на 100 граѓани. **Предлогот за покренување граѓанска иницијатива на државно ниво** треба да биде поднесен од овластен предлагач[4] и да се однесува на прашање за кое е надлежно да одлучува Собранието. Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата[5].

---

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2005). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.195/2005 од 21 и 22 декември 2005 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.3/2006;
http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx

[3] Прирачник за учество на јавноста во процесот на донесување закони- 2010 година http://ecnl.org/dindocuments/384_Manual%20on%20participation_MK.pdf

[4] Овластен предлагач е првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива.

[5] Член 132 и 133 од Деловник на Собранието на Република Македонија;

По добивање на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива за донесување на закон, за распишување референдум на државно ниво и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, претседателот на Собранието, веднаш ја доставува до претседателот на Законодавно - правната комисија и до претседателот на матичното работно тело. Двете комисии во рок од два работни дена доставуваат мислење за уредноста на иницијативата до претседателот на Собранието и ако тој утврди дека иницијативата е уредна во рок од три дена го известува овластениот предлагач за заклучокот на Собранието. Доколку претседателот на Собранието утврди неуредност на иницијативата, прашањето во врска со иницијативата го става на дневен ред на првата наредна седница на Собранието, на која тоа одлучува со заклучок за уредноста на иницијативата и го известува овластениот предлагач за заклучокот на Собранието во рок од три дена.

Право да предлага донесување на закон освен пратеник во Собранието и Владата на Република Македонија, имаат и најмалку 10.000 избирачи. **Граѓанска иницијатива за предлагање за донесување закон** се смета за покрената ако најмалку 10.000 граѓани со свои потписи ја поддржале иницијативата. Во Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија е наведено дека по истек на мандатот на составот на Собранието завршуваат сите законодавни постапки и постапки за донесување на други акти започнати во мандатниот период. **Како исклучок,** е предвидено продолжување на законодавната постапка која што е започната на предлог на 10.000 избирачи[6], што е добар показател дека Собранието особено внимание им посветува на предлозите кои доаѓаат од страна на граѓаните и остава простор за нив да се заврши постапката до крај, без разлика на тоа што завршил мандатот на претходниот состав на Собранието.

Граѓаните своето учество во процесот на донесување на одлуки го остваруваат и преку **референдум.** Собранието одлучува за распишување на референдум за одделни прашања од својата надлежност, со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Одлуката за референдумот е усвоена, ако за неа гласало мнозинството од избирачите кои гласале односно доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број избирачи. Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150.000 граѓани. Одлуката донесена на референдумот е задолжителна[7]. Референдумот е дефиниран како облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања од надлежност на Собранието на Република Македонија, за прашања од надлежност на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и за други прашања од локално значење. Референдумот се распишува заради одлучување на граѓаните или за консултирање на граѓаните. Во Законот е прецизирано за кои прашања може и не може да се распише референдум, начинот на гласање, институциите кои се

---

http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[6] Член 178 Деловник на Собранието на Република Македонија http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[7] Член 73 од Уставот на Република Македонија; http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf

одговорни за спроведување на референдумот, кој ги обезбедува средствата за спроведување и на кој начин се утврдуваат резултатите од референдумот.

За предлог-закон кој е од поширок интерес, по општата расправа на пленарна седница, Собранието на Република Македонија, може да се одлучи дека треба да се спроведе **јавна дискусија** и да определи матично работно тело што ќе ја организира јавната дискусија. Јавната дискусија се одржува по општата расправа на Собранието на РМ, на која е одлучено дека предлогот е прифатлив и може да се продолжи со законодавната постапка - пред законот да се даде на второ читање[8]. Граѓаните и граѓанските здруженија можат да учествуваат и присуствуваат на јавните дискусии, каде што имаат можност да го изнесат својот став и мислење околу определен нов закон или негова измена, или пак на тема која што е актуелна во моментот. Обврска на избраното работно тело е да се грижи предлог-законот да се објави и да им е достапен на граѓаните, јавните установи, институциите, здруженијата на граѓаните, политичките партии, синдикатите и другите заинтересирани субјекти. Предлог-законот што ќе биде предмет на јавната дискусија се објавува во дневен печат што го определува надлежното работно тело, се објавува и повик за доставување мислења и предлози и се определува рокот во кој тие можат да се доставуваат[9]. По спроведувањето на јавната дискусија, надлежното работно тело, треба да обезбеди собирање и средување на мислењата и предлозите што ќе бидат изнесени во текот на дискусијата и да изготви извештај во кој ќе бидат сумирани резултатите од јавната дискусија[10] и да го достави до Собранието заедно со предлогот на законот за второто читање. Заради подготовка и извршувања на задачите и обврските, работното тело може да основа посебна работна група.

**Иницијативи за расправа по одделни прашања на работното тело** можат да дадат и други работни тела на Собранието, органи на државната управа, општините, градот Скопје, институциите, здруженијата на граѓаните[11].

## II. НАЧИНИ НА КОИ СЕ ОСТВАРУВА КОМУНИКАЦИЈАТА ПОМЕЃУ ПРАТЕНИЦИТЕ И ГРАЃАНИТЕ

Освен редовната работа која пратениците ја имаат за време на одржување на седниците на Собранието и работните тела, пратеникот има задача и да **остварува редовни контакти со граѓани во неговата изборна единица,** контакти и консултации со невладини организации; контакти, соработка и консултации со Синдикатот и со здруженија на граѓани, соработка со меѓународни организации и други активности кои се од надлежност на Собранието[12]. Во врска со неговата активност да им овозможи на граѓаните од

[8] Член 144 и 145 од Деловник на Собранието на Република Македонија; http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[9] Член 147 Деловник на Собранието на Република Македонија http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[10] Член 146 Деловник на Собранието на Република Македонија http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[11] Член 124 од Деловник на Собранието на Република Македонија, http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
[12] Член 8 од Закон за Собранието на Република Македонија и член 23 од Законот за пратениците

неговата изборна единица лесен начин за комуникација, должност да му обезбедат на пратеникот услови за извршување на функцијата, како и просторија во која ќе ги остварува средбите со граѓаните, има Собранието на Република Македонија заедно со органите на локалната самоуправа[13]. Средбите на пратениците со граѓаните се остваруваат секој последен работен ден во неделата односно петок и Собранието, по правило тој ден не одржува пленарни седници, седници на работни тела и активности на пратенички групи за соработка со парламенти на други држави, освен во итни и неодложни ситуации. Средствата кои се потребни за остварување на контактите на пратениците со граѓаните се обезбедуваат од средствата на Собранието во Буџетот на Република Македонија за што акт донесува Буџетскиот совет на Собранието[14]. Директниот контакт со пратениците кој е овозможен преку овие канцеларии е од непроценлива важност за целото општество, но и уникатна алатка за артикулирање на интересите на граѓаните во законодавниот дом[15].

**„Канцеларии за контакт со граѓаните“** е проект кој Собранието го започна во 2003 година и го реализира со помош на НДИ, УСАИД, ИПД, Швајцарската агенција за развој и соработка и ЗЕЛС. Во секоја отворена канцеларија во општините работи асистент, кој му помага на пратеникот за полесно остварување на средбите. Преку непосредна комуникација со избраните претставници, граѓаните имаат можност за размена на информации, предлози и сугестии, со цел да се зголеми нивното учество во работата на Собранието[16].

Граѓаните имаат можност своите претставници во Собранието на Република Македонија **да ги посетат и во самата зграда на Собранието**, секако со претходна најава, договорена средба и термин.

На собранискиот сајт е дадена можност за секое заинтересирано лице да може електронски да му постави прашање на пратеникот **(Прашај го пратеникот)**. Исто така, прикажана е и распореденоста на Канцелариите за комуникација со граѓаните на целата територија на Република Македонија, за полесно наоѓање на истите.

## III. ГРАЃАНИТЕ ВО ЗГРАДАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Седниците на Собранието се јавни** согласно Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и граѓаните истите можат да ги следат во живо на собранискиот канал и на собраниската веб

http://www.sobranie.mk/zakon-za-sobranieto-na-rm.nspx

[13] Член 11 Закон за Собрание на РМ http://www.sobranie.mk/zakon-za-sobranieto-na-rm.nspx

[14] Член 36 Закон за Собранието на РМ; http://www.sobranie.mk/zakon-za-sobranieto-na-rm.nspx

[15] „Институционални механизми за соработка помеѓу Собранието и граѓанскиот сектор во РМ“; Извештај од Конференција на Граѓанската асоцијација „МОСТ“ во соработка со Собранието на РМ

[16] Линк до сите Канцеларии за комуникација со граѓаните кои функционираат; https://www.sobranie.mk/kancelarii-za-kontakt-so-graganite-map.nspx

страна. Има исклучок кога Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Сепак, можноста за следење на седниците на Собранието и на неговите работни тела во просториите кај што се одржуваат е ограничена и не може кој сака и кога сака да влезе внатре во Собранието само со обична најава. **Деловникот предвидува можност на граѓаните на Република Македонија да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието.** На собраниската веб страна има формулар кој можат да го пополнат заинтересираните граѓани и со кој се пријавуваат за посета на пленарна седница на Собранието, при што е нагласено дека посетата не може да биде подолга од еден час. На истиот линк се поставени и правилата на однесување на граѓаните[17] дека:

- не треба да носат торби со предмети, храна и различни течности;
- не треба гласно да разговараат по телефон и меѓусебно, мобилниот апарат да им биде исклучен на тивок „silent“ режим;
- најстрого е забрането гласно искажување на мислења кон пратениците или дофрлање; фрлање на предмети од галеријата кон пратениците, прскање со течности кон пратениците;
- граѓаните треба внимателно да ги слушаат упатствата од обезбедувањето.

**Право да присуствува и учествува во работата на Собранието**, освен оние кои имаат законска можност да поднесат предлог-закон, има и овластениот претставник на предлагачот на закон поднесен од најмалку 10.000 избирачи[18]. На покана на претседателот на Собранието, на седница може да присуствуваат и да учествуваат во работата претставници и на други органи и организации кога се разгледуваат прашања од нивна надлежност.

Што се однесува до **работните тела во Собранието на Република Македонија**, освен членовите и нивните заменици, претседателот и потпретседателот, двајца членови можат да бидат од редот на научните и стручните работници од кои едниот се избира на предлог на пратеничките групи од партиите на власт, а другиот на предлог на пратеничките групи од партиите во опозиција. Лицата не можат да бидат членови на органите на политичките партии и во работата на работното тело учествуваат без право на одлучување[19]. На седницата на работното тело може да присуствува и овластениот претставник на предлагачот на закон поднесен од најмалку 10.000 избирачи[20]. Деловникот им дава можност на работните тела на седниците да поканат научни, стручни и јавни работници и претставници на општините, на градот Скопје, на јавните претпријатија, синдикатите и на други организации, институции и здруженија заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телото[21].

[17] Линк до формуларот на собраниски сајт за посета на пленарна седница; http://www.sobranie.mk/otvoren-parlament.nspx
[18] Член 72 Деловник на Собранието на РМ
[19] Член 119 Деловник на Собранието на РМ
[20] Член 121 Деловник на Собранието на РМ
[21] Член 122 Деловник на Собранието на РМ

Друга можност за посета на зградата на Собранието на Република Македонија **е Отворениот ден** кој се организира секој последен петок во месецот. Граѓаните кои се заинтересирани за посета на Собранието треба да се пријават најдоцна пет работни дена пред посетата на телефонскиот број на Собранието на Република Македонија или на електронската адреса на лицето кое ги организира и спроведува отворените денови. Од ноември минатата година освен на отворен ден, се организираат и посети на Собранието на барање од страна на група на граѓани. Бројката на посетители кои го посетиле Собранието на РМ во првите неколку месеци од 2018 година на Отворен ден е помала (234 посетители) од оние кои барале да го посетат надвор од Отворен ден (323 посетители), што ја покажува и големата заинтересираност на граѓаните за функционирањето на Собранието.




Исто така, се организираат и спроведуваат **еднодневни семинари и работилници** наменети за ученици од основните, средните училишта на Република Македонија и еднодневни семинари за студенти.

## IV. СТАТИСТИКА НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ АЛАТКИ ПРЕДВИДЕНИ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во последните пет години во Република Македонија **референдум** на државно ниво се нема одржано. Сепак, како единствен успешен референдум може да се издвои референдумот за независност одржан на 8 септември 1991 година кој резултираше со прогласување на независност на Република Македонија од Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Секоја година службата во Собранието на Република Македонија изработува Годишни извештаи во кои се сублимирани информациите за работата на Собранието и неговите работни тела, но и меѓународната соработка, односно целокупната активност на вработените и пратениците во текот на изминатата година.

Од приложените и објавени извештаи, може да се забележи дека во последните 5 години, односно од 2013 година до 2017 година, статистиката покажува дека преовладуваат предлог законите кои ги предлага Владата, на второ место доаѓаат предлозите од пратениците и за жал последни се граѓаните како овластени предлагачи на закони.

| Година | Вкупно предложени закони | Донесени закони | Донесени предлог закони поднесени од пратеник | Донесени предлог закони поднесени од Влада | Предлог закони поднесени од 10 000 граѓани |
|---|---|---|---|---|---|
| **2013** | 597 | 349 | 11 | 304 | 1(неприфатлив) |
| **2014** | 873 | 357 | 5 | 336 | / |
| **2015** | 848 | 606 | 33 | 541 | 1(неприфатлив) |
| **2016** | 505 | 366 | 25 | 315 | / |
| **2017** | 77 | 42 | 15 | 18 | / |

Во 2013 година:

- од страна на 13.169 избирачи е предложен Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика (54 седница). Предлог-законот бил неприфатлив за разгледување од страна на Собранието на Република Македонија[22].

Во 2014 година:

- Граѓанска иницијатива со предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, на 106 граѓани, доставен преку овластениот предлагач – претседателот на Здружението на граѓани за праведно судење и применување на Законот, Атанас Ѓорѓиевски.

Во 2015 година:

- граѓанска иницијатива со предлог за донесување на Закон за амнестија, заедно со Предлог-законот за амнестија, на 145 граѓани доставена преку овластениот предлагач Мери Николова. За предлог-законот беа собрани потписи од страна на 11.069 избирачи, но беше одлучено од страна на Собранието на 71 седница дека е неприфатлив за разгледување.
- Граѓанска иницијатива со предлог за донесување на Закон за дополнување на Законот за енергетика, на 161 граѓанин, доставена преку овластениот предлагач д-р Јанко Бачев.

[22] Извештај за работата на Собранието 01.01.2013 – 31.12.2013, стр. 51; http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/IZVESTAJ2013godina.pdf

Во 2017 година:

- Граѓанска иницијатива на 217 граѓани за донесување на Закон за изменување на Законот за работни односи која не е прифатена од страна на Собранието на Република Македонија[23].

Согласно статистиката прикажана во Годишните извештаи за работата на Собранието на Република Македонија, во периодот од 2013 до 2017 година **организирани се 43 јавни дискусии** за следниве закони/теми:

**2013 година**

1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика поднесен од 13.169 избирачи;
2. Предлог-закон за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост;
3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права;
4. Предлог-закон за прекинување на бременоста;
5. Како до подобра грижа и третман за лицата кои живеат со ХИВ во РМ (организирана заедно со Х.Е.Р.А.);
6. Европска стратегија за економско јакнење на жените (стратегија 2020)
7. Подготовка на закон за семејно насилство;
8. Економско јакнење на жените (организирана од Клуб на пратенички).

**2014 година**

1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;
2. Работна верзија на Предлог-законот за општа управна постапка;
3. Предлог-закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната;
4. Значење и улогата на дијаспората за РМ – политички и економски аспекти;
5. ИПА 2 (2014 – 2020) Предизвици и можности за искористување;
6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културно наследство;
7. Предлог-закон за издавачка дејност;
8. Изготвување на нацрт-закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;
9. Предлог-закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;
10. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2013.

**2015 година**

[23] Извештај за работата на Собранието на Република Македонија за периодот 20. 12. 2016 – 31. 12. 2017; http://www.sobranie.mk/content/izvestai/IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202017.pdf

1. Предлог-закон за пробација;
2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за музеите;
3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките;
4. Перинатална, доенечка и смртност на родилки во РМ;
5. Обезбедување одржливост на воспоставените програми за ХИВ-групите под особен ризик од ХИВ по заминувањето на Глобалниот фонд на крајот на 2016 година, можности и предизвици;
6. Како до родова рамноправност;
7. Новите развојни стратешки цели и родовата еднаквост – еднаквите можности на агендата на РМ;
8. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост;
9. Предлог-закон за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**2016 година**

1. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита;
2. Предлог-закон за слободните здравствени зони;
3. Предлог-закон за центар за извонредност за трансплантациона медицина и хируршки болести;
4. Родова рамноправност – трендови и предизвици;
5. Годишен извештај за имплементација ба Стратегијата за родова еднаквост за 2015 година;
6. Функционирање на собранискиот канал.

**2017 година**

1. Младинските организации како дел од Берлинскиот процес;
2. Нацрт на сеопфатната стратегија за образованието во периодот 2018 – 2025 година;
3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци
4. Прашањето на ограничување на правото на слободно движење и дискриминацијата на граничните премини кон граѓаните од ромската етничка заедница;
5. 70 години Универзална декларација на правата на човекот: Осврт.
6. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита од пушењето;
7. Предлог-нацрт за стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017 – 2027 и предлог-нацрт на национален акциски план за интеграција на бегалци 2017-2027 (не е завршена);
8. Предлог-закон за изменување на Законот за работните односи;
9. Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2016 година;

10. Говор на омраза во медиумите насочен кон жените.

## V. НАЧИНИ НА КОИ СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ИНФОРМИРА ГРАЃАНИТЕ ЗА СВОЈАТА РАБОТА

Собранието на Република Македонија има должност да обезбеди **информирање на јавноста** за неговата работа и работата на работните тела и постојаните делегации во меѓународните организации.

Претставниците на средствата за јавно информирање, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието, можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа. Достапни им се актите што ги разгледува и донесува Собранието, информативните и документационите материјали за прашањата што се разгледуваат во Собранието и во работните тела, извештаите за работата на работните тела и записниците од седниците, освен ако Собранието, односно работното тело одлучило определеното прашање да се разгледува без присуство на јавноста[24]. Доколку се случи да има работа на Собранието без присуство на јавноста, Собранието може да одлучи за тоа што се случувало да ја извести јавноста со давање на соопштение преку средствата за јавно информирање.

За начинот на остварување на правата, должностите и одговорноста на претставниците на средствата за јавно информирање, Собранието донесува акт со кој ја уредува оваа област – Правилник за начинот на остварување на правата, должностите и одговорноста на претставниците на средствата за јавно информирање во Собранието на РМ[25]. Средствата за јавно информирање во Собранието акредитираат свои претставници за следење на активностите на Собранието и во зградата на Собранието смеат да влезат само тие претставници. Следење на седниците, согласно Правилникот им е овозможено во прес - центарот и галеријата во сала бр.1.

Предлог-закон или друг општ акт кој е од посебен интерес за јавноста, може да се објави преку печат или во посебна публикација, доколку така одлучи Собранието или надлежното работно тело[26].

**Конференција за печат во врска со работата на Собранието** се одржува кога за тоа ќе одлучи претседателот на Собранието, пратеничка група, работно тело или шефот на делегацијата која престојувала во странство, кои определуваат и претставник кој ќе ја одржи конференцијата за печатот[27].

Еден од начините на кој Собранието ги известува граѓаните за неговата работа е и **веб-страницата** на Собранието на која се внесуваат општите податоци за Собранието, работните тела, претседателот на Собранието, пратениците,

---

[24] Член 228 Деловник на Собранието на РМ
[25] Службен весник бр.89/2002, http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx
[26] Член 230 Деловник на Собранието на РМ
[27] Член 232 Деловник на Собранието на РМ

пратеничките групи, делегациите на Собранието, применените материјали, донесените закони, седниците и другите активности на Собранието, за Службата на Собранието и други податоци поврзани со организацијата и работата на Собранието. Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб страна овозможувајќи на тој начин поголема транспарентност, отвореност и достапност на информациите. Со тоа граѓаните, невладиното општество, јавноста, но и експертите се информирани за тоа што во моментот го работи Собранието и неговите членови и им се олеснува можноста за полесно учество. Веб-страницата е богата со содржини и можности како што се: поставување на прашања до претседателот и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарната библиотека, можности за посети во Собранието, архива на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес и многу други содржини[28]. Информациите што ги содржи собраниската веб-страница се достапни и на албански, англиски и француски јазик. Преку веб-страницата граѓаните можат да ги следат во живо пленарните седници на Собранието на Република Македонија.

Собранието издава гласило кое се доставува до сите пратеници во Собранието и се става на веб страната на Собранието, и други публикации[29].

Собранието има воведено свој профил на **Фејсбук, Твитер и Јутјуб**, со цел зголемување на транспарентноста и отчетноста.

Согласно член 107 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[30], ЈРП Македонска радио-телевизија го обезбедува програмскиот сервис на **собранискиот канал** утврден со Законот за Собрание на Република Македонија. Се емитуваат директните преноси на пленарните седници на Собранието, потоа, директно или со снимки се презентира работата на собраниските комисии, јавните и надзорните расправи, како и други активности кои се составен дел од функционирањето на Собранието. Со оваа можност за телевизиско следење на активностите во Собранието на РМ се остварува основната функција на собранискиот канал и јавност во работење на Собранието, ангажманот на пратениците се става на увид на граѓаните кои всушност им го даваат мандатот.

## VI. ПРЕПОРАКИ ОД МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ВО ВРСКА СО ВКЛУЧЕНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО, ЗАРАДИ ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

[28] Извештај за работата на осмиот пратенички состав на Собранието на РМ, 10. 5. 2014 – 17.10. 2016, http://www.sobranie.mk/content/izvestai/MANDATEN%20IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202014-2016.pdf
[29] Член 233 и член 234 Деловник на Собранието на РМ
[30] Службен весник на РМ бр.184/13, http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx

**Во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2017 година,** е нотирано дека и покрај предизвиците со кои се соочи Собранието на Република Македонија во изминатиот период, новиот состав на Собранието прави напори и се фокусира на своите активности во насока на подобрување на својата надзорна улога и зголемување на транспарентноста.

Во **„Предлогот на граѓанските организации за итни демократски реформи“**[31] од јули 2017[32] подготвен од група граѓански организации и експерти, кој треба „да даде поттик, насоки и детални активности кои се неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, за постигнување напредок во одредени области од јавните политики, како и за враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции“ е опфатено и Собранието како дел од јавните политики. Вклучената група граѓански организации и експерти[33] го дава своето видување за приоритетите и мерките што треба да ја насочат владината програма во следните 12 месеци.

Во документот се предложени мерки и приоритети за реформи во Собранието и воедно истакната е неговата важност како највисок законодавен дом. Во оваа анализа ќе се споменат само приоритетите што треба да ги исполни Собранието во насока на зголемување на транспарентноста и начини на подобрување на улогата на граѓаните во законодавниот дом:

- Како прв и главен приоритет е посочено зголемувањето на транспарентноста на работата на пратениците со што би се зголемила и транспарентноста на Собранието. Овој приоритет, според граѓанските организации би се исполнил доколку:

- се дополнат профилните страници на секој од пратениците со информации околу гласањето, патните трошоци, нивните говори, линк до анкетните листови, присуство на седници итн.
- да постои најава на собраниската веб страна за тоа каде и во кое време ќе биде присутен пратеникот, за да можат граѓаните полесно да стапат во контакт со него,
- прашањата кои се поставуваат на собраниската веб страна со опцијата „Прашај го пратеникот“ да бидат јавни за да можат на истото прашање да се приклучат и други заинтересирани граѓани, со што исто пратениците би дале приоритет на прашања за кои се заинтересирани поголема група на граѓани;
- воведување опција за е – петиции до Собранието, пратениците и пратеничките групи;
- дневник и календар на состаноци во Собранието;

[31] http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Blueprint_2017_MK-01.pdf

[32] Надградба на „Предлогот за итни демократски реформи“, подготвен од група граѓански организации и експерти во почетокот на јули 2016 година; http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/04682/mk/BP_MKD_FINAL_08-07-2016.pdf

[33] Во процесот на подготовка на содржините во областите на јавните политики презентирани во овој документ учествуваат 146 претставници од 73 граѓански организации, научни работници и независни експерти; http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/organizacii.pdf

- јасен образец за барање за набљудување на пленарната седница или седницата на работното тело и изработка и поставување јасен образец за барање за учество на седницата на работното тело (веќе постои како опција);
- изработка на прирачник во кој јасно и едноставно, чекор по чекор, ќе се објаснат сите фази за тоа како граѓаните или граѓанските организации можат да иницираат законодавна процедура, како и локациите во изборните единици каде што треба да се собираат потписи.

Други приоритети кои Собранието треба да ги исполни се:

- Зајакнување на програмската шема на собранискиот канал во рамките на јавниот радиодифузен сервис, (овозможување навремени информации за распоредот на пленарните и комисиските седници и нивен пренос во живо);
- Стенографските белешки од комисиските седници да бидат јавни на собраниската веб-страница, достапност на снимките од седниците на работните тела;
- Воведување механизам за посуштествено вклучување на засегнатите страни, особено на граѓанскиот сектор, преку регистрација и акредитација според тематски области;
- Јавните расправи треба да бидат реформирани и задолжителни на почетокот на секој законодавен процес (во моментов, одлучувањето за потребата од јавни расправи е оставено на волјата на претседателите на собраниските комисии);
- Јавен пристап до изработените анализи на Парламентарниот институт.

Во анализата за **нивото на транспарентност на Парламентите во регионот и Македонија**, од април 2017 година, подготвена од страна на Метаморфозис[34] заедно со ACTION SEE – мрежа на граѓански организации[35], е забележано дека македонското Собрание има низок процент на отвореност од 59%, што е под просекот од 63% којшто е добиен како резултат на отвореноста на парламентите од земјите од регионот[36].

---

[34] Метаморфозис е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето; http://metamorphosis.org.mk/

[35] Мрежа на граѓански организации кои заедно работат на промовирање и обезбедување на отвореност и транспарентност на владеењето во регионот на Југоисточна Европа, https://actionsee.org/about-actionsee/

[36] Parliament openness in the region and Macedonia http://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2017/04/%D0%9E%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B0%D0%BD%D0%B3%D0%BB%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8.pdf

## VII. УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ

Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија има многу важна улога во целиот процес на вклучувањето и запознавањето на граѓаните со работата на Собранието и нивните претставници во законодавниот дом. Одделението за едукација и комуникација кое функционира во рамките на Парламентарниот институт ги спроведува следниве активности кои се од големо значење и придонесуваат за поголема отвореност и транспарентност на целиот законодавен дом:

- Развивање и ревидирање на едукативни програми и курикулуми со интегрирање на резултатите од анализата на прашалниците за евалуација на одржаните семинари;
- Организирање и спроведување еднодневни семинари и работилници наменети за ученици од основните училишта на Република Македонија;
- Организирање и спроведување еднодневни семинари наменети за ученици од средните училишта на Република Македонија;
- Организирање и спроведување еднодневни семинари за студенти;
- Организирање и спроведување Отворени денови за посета на Собранието;
- Подготовка, ревидирање и печатење на едукативно-информативен материјал (fact sheet);
- Објавување на едукативните настани на социјалните мрежи;
- Објавување на проактивни материјали на интернетската страница на Собранието;
- Електронска дистрибуција на квартален билтен за активностите на Парламентарниот институт до специфични таргет групи.

Од мај 2014 година до декември 2017 година 12.456 граѓани го имаат посетено Собранието на Република Македонија преку Отворен ден секој последен петок во месецот. Само во 2017 година повеќе од 660 ученици и студенти и над 5.000 граѓани го посетија Собранието.




Во периодот од 2014 до 2017 - 616 ученици од 82 основни и средни училишта од 34 градови во Македонија учествувале на еднодневни семинари за парламентарна демократија.

Од јануари 2018 година до сега, 718 граѓани го имаат посетено Собранието на Република Македонија.

Исто така, издадени се 11 квартални електронски билтени за работата на Парламентарниот институт и дистрибуирани на македонски, албански и англиски јазик. До сега одржани се две тркалезни маси со граѓански организации.

Од 8 до 10 ноември 2017 година, во просториите на Едукативниот центар на Парламентарниот институт, во организација на НДИ Македонија и Парламентарниот институт, се одржаа повеќе активности во врска со иницијативата **Отворено владино партнерство (ОВП) и приклучувањето на Собранието кон неа со свој акциски план.** Во моментов во рамки на Собранието на РМ функционира работна група за отвореност на законодавната власт, која има за задача да подготви Акциски план.

Изработил: Ивана Арсовска Трајановиќ

Контролирале: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Учество на јавноста: „Влада на народот, од народот за народот“ http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2015/12/Analiza-36-mk.pdf
2. Официјална интернетска страница на Службен весник на Република Македонија http://www.slvesnik.com.mk/besplatni-izdanija.nspx
3. Прирачник за учество на јавноста во процесот на донесување закони - 2010 година http://ecnl.org/dindocuments/384_Manual%20on%20participation_MK.pdf
4. Деловник на Собранието на Република Македонија; http://www.sobranie.mk/content/Delovnik%20na%20RM/DelovniknaSRMPrecistentekstAvgust13.pdf
5. Устав на Република Македонија; http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/UstavnaRmizmeni.pdf
6. Официјална интернетска страница на Собранието на Република Македонија http://www.sobranie.mk
7. Закон за Собранието на Република Македонија
8. Законот за пратениците
9. „Институционални механизми за соработка помеѓу Собранието и граѓанскиот сектор во РМ“ - Извештај од Конференција на Граѓанската асоцијација „МОСТ“ во соработка со Собранието на РМ
10. Линк до сите Канцеларии за комуникација со граѓаните кои функционираат; https://www.sobranie.mk/kancelarii-za-kontakt-so-graganite-map.nspx
11. Извештај за работата на Собранието 01.01.2013 – 31.12.2013, http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/IZVESTAJ2013godina.pdf
12. Извештај за работата на Собранието на Република Македонија за периодот 20.12.2016 – 31.12.2017; http://www.sobranie.mk/content/izvestai/IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202017.pdf
13. Извештај за работата на осмиот пратенички состав на Собранието на РМ, 10.05.2014 – 17.10.2016, http://www.sobranie.mk/content/izvestai/MANDATEN%20IZVESTAJ%20ZA%20RABOTATA%20NA%20SOBRANIETO%20NA%20RM%202014-2016.pdf
14. Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Blueprint_2017_MK-01.pdf
15. Надградба на „Предлогот за итни демократски реформи“, подготвен од група граѓански организации и експерти во почетокот на јули 2016 година; http://www.merc.org.mk/Files/Write/Documents/04682/mk/BP_MKD_FINAL_08-07-2016.pdf
16. Официјална интернетска страница на фондацијата Метаморфозис http://metamorphosis.org.mk/
17. Мрежа на граѓански организации кои заедно работат на промовирање и обезбедување на отвореност и транспарентност на владеењето во регионот на Југоисточна Европа, https://actionsee.org/about-actionsee/